РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 02-4272/4
08.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на тринаесеттата седница одржана на 7.10.2025 година, во врска со Предлогот бр.03-4279/1 од 7.10.2025 година за покренување прекршочна постапка против ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување бр.10-4278/1 од 7.10.2025 на Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и утврди дека спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на радиодифузерот, на 30.09.2025, 2.10.2025, 3.10.2025 и 4.10.2025 година, за време на првиот круг од Локалните избори 2025 година, во неколку реални часови емитувана програма ги надмина дозволените лимити за платено политичко рекламирање и тоа:

- со емитување платено политичко рекламирање за Коалицијата ВЛЕН ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) на реален час за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, и

- со емитување платено политичко рекламирање за Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ ги надмина дозволените лимити од најмногу 4 минути (240 секунди) за двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови

2. Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата заклучи да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**